**Обраќање на министерката за одбрана Славјанка Петровска**
**прием на 200 професионални војници на служба во Армијата на Република Северна Македонија**

Касарна „Илинден“ - Скопје, 28 декември 2022

Почитувани, старешини, офицери и подофицери,
почитувани гости,
почитувани претставници на медиумите,

Почитувани војници,

Добредојдовте во нашето големо семејство.

Денес станувате дел од македонската Армија, семејство кое не препознава пол, вера и етничка заедница, Армија чија основна задача е да даде помош и поддршка на секој граѓанин, да ја чува и брани татковината.

Бидете горди и затоа што станувате дел од институција која е најпочитувана, најценета, институција која својот углед го има изградено затоа што секогаш и секаде била прва во помошта на нашите граѓани.

Силна, опремена и модернизирана Армија, способна да одговори на сите предизвици. Тоа е Армијата на Република Северна Македонија денеска, институцијата која ужива најголема доверба кај граѓаните и тоа навистина е огромна чест, но и обврска за сите нас.

За да успеете во таа цел, не сте сами. Министерството за одбрана и Генералштабот се со вас. Наша задача е да бидете добро опремени, да работите во одлични услови, да имате ново и модерно вооружување, да имате плати кои одговараат на вашиот труд, енергијата и знаење кое го вложувате.

Буџетот на одбраната за 2023 година изнесува 274 милиони евра. Тоа се средства кои по различни основи се наменети за вас. Континуирано покачување на платите, надоместок на станарина од првиот месец на стапување на должност, набавка на нова софистицирана опрема, надоместоци за зголемено учество во мисии, поддршка за вежби. Листата е голема, но сето ова Вие и сите припадници на Армијата го заслужувате.

Од денес започнува вашата обука. Таа ќе биде спроведена од врвни професионалци кои својата кариера ја започнале како вас.

Низ кариерата ќе имате можност да учите и од вашите колеги од НАТО сојузничките земји. Ќе учите, ќе соработувате и ќе продолжите да го градите системот на заштита, безбедност и отпорност, систем во кој сите ние земјите членки на најголемата воено политичка алијанса во светот, придонесуваме за глобалната стабилност и безбедност.

Денеска, вие станувате дел од нешто што е поголемо од сите нас. Денеска
вие сте дел од НАТО Алијанса која е безбедносен чадор за повеќе од една милијарда луѓе во светот.

Вие сега сте НАТО војници, вие ќе имате прилика да учествувате во НАТО обуки, да бидете дел од различни НАТО мисии и да ја покажете истата вештина и истото знаење како и вашите колеги.

Тоа е голем предизвик, но и уште поголема обврска.

Затоа, секогаш со исправена глава, одлучен чекор, гордост и чест носете ја армиската униформа. Бидете горди на себе и запаметете дека нема поголема чест од положувањето заклетва кон државата

Ви честитам на изборот да и служите на татковината.
Со среќа и со успех.